ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2024 ГОДИНА НА
# АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (603)

01 2025 05 32/1

Скопје, мај 2026 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Академија за судии и јавни обвинители, на сметката на основен буџет (603) за 2024 година.

Со извршената ревизија, изразивме мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2024 година за сметката на основен буџет (603) и мислење со резерва за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за годините кои претходат на годината што е предмет на ревизија на Академија за судии и јавни обвинители, на сметката на основен буџет (603).

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Академија за судии и јавни обвинители, сметка на основен буџет (603) за 2024 година, констатирани се следниве состојби:

- исплатите на надоместоци на членовите на Управниот одбор и на Програмскиот совет се вршат месечно и во целост, а не пропорционално од присуство на седница за месеци кога е одржана седница;
- законски утврдениот рок за завршување на втората фаза од почетната обука за 8 - мата генерација на слушатели за судии и јавни обвинители, е надминат за 3 месеци, што довело до исплата на дополнителни финансиски средства за ментори и координатори;
- дел од договорите со менторите за изведување на практична настава се склучени по изминување на периодот на менторство;
- исплатени се средства за координатори чиј статус, права и обврски не се утврдени со Законот за Академија за судии и јавни обвинители;
- на членови на комисии за оценување на практична настава исплатени им се надоместоци, иако правото и исплатата на надоместоци за оценување на практична настава не е утврдена во Законот за Академија за судии и јавни обвинители;
- надминување на законски утврдениот максимум за прекувремена работа и не е извршено претходно писмено известување до подрачниот инспектор на труд за воведување во прекувремено ангажирање на вработените;
- исплатени се средства за прекувремена работа на вработено лице во денови за кои му се исплатени и дневници за службен пат во странство и за присуство на седница која се одржала во текот на полното работно време;
- не е воспоставена евиденција односно задолжување на лица од која ќе може да се утврди на кого и за која цел се издаваат картички за гориво;
- во тендерска документација утврден е критериум кој не е директно поврзан со предметот на набавка а треба да го исполни економскиот оператор и
- набавени се стоки и услуги без спроведена постапка за јавна набавка.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од одговорните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на Нагласување на прашања истакнуваме за спроведените активности на прием на кандидати за слушатели во почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители за 9 - та генерација и начинот на усвојување на листа на ментори.

Во однос на внатрешните контроли известуваме за отсуство на клучните контроли во донесените интерни процедури кои во текот на ревизијата се надминати.

Од страна на претходното одговорно лице на Академијата за судии и јавни обвинители доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и утврдено е дека истите претставуваат известувања за причините кои довеле до утврдените состојби.

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи | 3 |
| 4. | Нагласување на прашања | 10 |
| 5. | Законска основа за ревизијата и временски период | 13 |
| 6. | Опфат и ограничувања | 13 |
| 7. | Одговорност за финансиски извештаи | 13 |
| 8. | Одговорност на ревизорите | 14 |
| 9. | Недостатоци во внатрешната контрола | 15 |
| 10. | Одговор на ревидираниот субјект | 17 |

Финансиски извештаи за 2024 година

Биланс на приходи и расходи 18

Биланс на состојба 19

Преглед на промени на извори на капиталните средства 20

Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи

Вовед 21

Сметководствени политики 22

Образложенија кон финансиските извештаи 25

Прилог 1 Набавка на стоки и услуги без постапка за јавни набавки
Прилог 2 Забелешки на Нацрт извештај на овластениот државен ревизор
Прилог 3 Одговор на Забелешки на Нацрт извештај на овластениот државен ревизор

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| Академијата | Академија за судии и јавни обвинители |
| ДДВ | Данок за додадена вредност |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| ЗЈН | Закон за јавни набавки |
| ЈН | Јавни набавки |

Број:14-585/6
Дата: 15.05.2026

## 1. Вовед

Академијата за судии и јавни обвинители е јавна установа со својство на правно лице, основана со Закон за Академија за обуки за судии и јавни обвинители,[1] со седиште во Скопје. Академијата е формирана од страна на Министерство за правда и истата е регистрирана под целосниот назив „Академија за обука на судии и јавни обвинители и нивни заменици на Република Македонија".

Согласно Законот за Академија за судии и јавни обвинители,[2] Академијата има за цел професионално, независно, непристрасно и ефикасно извршување на судиската и јавно - обвинителската функција, како и стручно и ефикасно извршување на работите на стручните служби во судството и јавното обвинителство.

Со Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители поблиску се уредуваат називот, внатрешната организација и начинот на вршењето на дејноста на Академијата, нејзиното управување и раководење, правата и обврските на субјектите во врска со нејзиното работење, составот, начинот на формирање и одлучување, делокругот на работа на нејзините органи и тела, правата, обврските и одговорностите во правниот промет, приемот на слушатели во почетна обука, постапката за донесување на програмите за сите видови обука, начинот на избор на предавачи и ментори, начинот на финансирање и употреба на средствата за работа и други прашања од значење за нејзината работа.

Средствата за работа на Академијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку буџетот на „Судската власт".

[1] Службен весник на Република Македонија 13/2006,
[2] Службен весник на Република Северна Македонија 129/2023

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страните од 18 до 20 на Академијата за судии и јавни обвинители, сметка на основен буџет (603), за 2024 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Академијата за судии и јавни обвинители за 2024 година на сметката на основен буџет (603) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Академија за судии и јавни обвинители на ден 31 декември 2024 година на сметката на основен буџет (603), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за прашањата изнесени во точките од 3.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Академија за судии и јавни обвинители, за 2024 година, на сметката на основен буџет (603), се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност.

Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Органи на академијата се Управен одбор, директор и Програмски совет. Согласно член 13 од Законот за Академија на судии и јавни обвинители и член 4 и член 5 од Правилникот за надоместоци[3], членовите на Управниот одбор имаат право на месечен паричен надоместок кој изнесува 50% од просечната месечна плата исплатена во Републиката во последните три месеци. Месечниот надоместок предвиден за работа на членот на Управниот одбор се исплаќа на членот и заменикот-член пропорционално на бројот на седници на коишто присуствувал во тековниот месец за кој се врши исплатата. Присуството се докажува со потпис од присутните или со листа од вработениот задолжен за седници на УО доколку е online седница.

Правото на надоместок на членовите и замениците на Програмски совет е уредено во член 22 од Законот за академија за судии и јавни обвинители, на истиот начин како и за Управниот одбор, со тоа што месечниот паричен надоместок не може да изнесува повеќе од 45%. Присуството се докажува со потпис од присутните или со листа од вработениот задолжен за седници на УО доколку е online седница.

Со увид во доставената документација за исплата на членовите и замениците членови на Управниот одбор и Програмскиот совет го утврдивме следното:

- за надомест на членовите на Управен одбор исплатени се вкупно 1.976 илјади денари. Исплатите се вршат во целост, а не пропорционално од присуство на седници и при тоа во одредени месеци средствата се исплатени во тековен месец пред одржување на седница. Утврдивме дека исплатени се средства и на членови кои воопшто не присуствувале на одржаните седници. Ваквата состојба не е во согласност со член 13 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители и има за ефект повеќе исплатени средства за оваа намена во вкупен износ од 211 илјади денари.
- исплатени се вкупно 1.512 илјади денари за надомест на членовите на Програмскиот совет од кои 747 илјади денари се за месеци кога не се одржани седници[4]. Истакнуваме дека Академијата со свој Правилник за надоместоци, на начин кој не е усогласен со Законот го регулира правото на месечен надоместок на членовите на Програмскиот совет. Имено во Правилникот е уредено дека во месеците кога Програмскиот совет нема активности, фиксниот надомест кој им се исплатува на членовите изнесува 50% од максималниот надоместок. Останатите 50% од максималниот надоместок утврден претходно, членовите на Програмскиот совет го добиваат по учинок за тековниот месец и тоа за извршување на определени активности. Утврдивме дека во месеците кога не се одржани седници

[3] број 02-509/4 од 21.12.2023 година
[4] февруари, март, април, мај, јуни, август 2024 година

исплатените средства се 100% од максимално утврдениот износ. Исплатата на надоместок во месеци кога не е одржана седница не е согласно член 22 од Законот и има за ефект повеќе исплатени средства за оваа намена.

Препорака:
Одговорното лице на Академијата да преземе мерки и активности за:
- месечните надоместоци на членовите на Управниот одбор да се пресметуваат пропорционално на бројот на одржани седници врз основа на реално присуство.
- исплатата на месечен надоместок на членовите на Програмскиот совет да се врши согласно Законот, односно само за месеци во кои се одржани седници и
- усогласување на Правилникот за надоместоци, со Законот во делот на право и начин на исплата на месечен надоместок на членовите на Програмскиот совет.

3.1.2. Во член 50 став 3 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители е уредено дека начинот на спроведување на почетната обука за слушатели се уредува со Статутот и со актите на Академијата. Академијата има донесено Правилник за практична настава во почетна обука во кој се регулираат и правата и обврските на менторите[5] кои согласно член 27 од Законот ја спроведуваат втората фаза од почетната обука – практична настава, односно ја следат и ја оценуваат работата на слушателите за кои се задолжени и за истото им следува паричен надоместок, чија висина се уредува со акт на Академијата. Во член 13 од Правилникот е уредено дека на секој слушател освен ментор му се определува и координатор што ја следи и координира практичната работа на слушателот во текот на наставата, за што му се исплаќа месечен надоместок. Висината на надоместоците за менторите и координаторите се утврдени во Правилник за надоместоци.

Со увид во документацијата врз основа на која се врши избор на ментори и координатори и исплата на надоместоци за нивниот ангажман, ги утврдивме следните состојби:
- Во 2024 година, во Академија се одвивала втора фаза од почетна обука практична настава за 8ма генерација на слушатели за судии и јавни обвинители, која е започната во мај 2023 и согласно член 94 од Закон за Академија за судии и јавни обвинители[6] и член 51 од истиот закон[7] требало да заврши во рок од 15 месеци, односно заклучно со 31.07.2024 година. Утврдивме дека истата траела заклучно со октомври 2024 година, што

[5] Член 7,8,9,10,11,12 од Правилникот број 02-96/4 од 16.02.2024 година
[6] Сл.весник бр.20/2015 кој се применува до 29.06.2023 година
[7] Сл.весник бр.129/2023 и 53/2024 и Одлука на Уставен суд 120/2025

претставува надминување на законски утврдениот рок од 3 месеци, што довело до исплата на дополнителни финансиски средства за надоместоци во вкупен износ од 2.113 илјади денари од кои 1.822 илјади денари на менторите и 291 илјада денари на координаторите. Освен исплата на дополнителни средства, ваквата состојба влијае и на пролонгирање на завршувањето на обуката и изборот на слушателите за судии и јавни обвинители.

- Академијата согласно член 10 став 5 од Правилникот склучува Договор со менторот во кој се регулираат правата и обврските. Дел од договорите за изведување на практична настава - менторирање се склучени по изминување на периодот на менторство што не е согласно член 18 од Закон за облигациони односи[8] каде е уредено дека договорот е склучен кога договорните страни се спогодиле за суштествените состојки на договорот во кои се и правата и обврските помеѓу договорните страни и периодот на извршување на работите, што создава ризик за навремено и квалитетно извршување на договорените обврски.
- Статусот, правата и обврските на координаторите се утврдени со Правилникот за практична настава во почетна обука, но не е со Законот за судии и јавни обвинители. Координаторите ги определува државен советник во Академијата, согласно донесена Процедура за реализација на почетна обука. Со увид во документацијата утврдивме дека за 111 координатори во 2024 година исплатени се вкупно 970 илјади денари. Утврдување на статуси и надоместоци со интерни акти кои не се предвидени со закон, влијае на наменско трошење на буџетските средства.

Препорака:

Одговорното лице да преземе активности за:

- почитување на роковите за завршување на почетната обука
- склучување на менторските договори пред извршување на менторските задачи и
- определување на статуси на лица вклучени во почетната обука и утврдување на право на надомест за истите да биде согласно одредбите од законот.

3.1.3. Во член 53 од Законот за академија на судии и јавни обвинители е уредено дека начинот на оценување по завршување на практичната настава, поблиску се уредува со посебен акт на Академијата. Управниот одбор донел Правилник за изменување и дополнување на правилникот за практична настава[9] во кој е

[8]Закон за облигационите односи (Редакциски пречистен текст Сл.весник на Република Северна Македонија бр. 8/2001; 78/2001; 4/2002; 59/2002; 5/2003; 84/2008; 81/2009; 161/2009; 23/2013; 123/2013; 89/2020; 215/2021; 154/2023; 220/2023; 149/2024; 209/2024)

[9] Број 02-360/9 од 10.09.2024 година

предвидено дека оценувањето на практичната настава го вршат комисии за оценување на практична настава составена од судии и јавни обвинители што не биле вклучени во рамките на практичната настава за тековната генерација. Со Одлука на Управен одбор[10] конституирани се 6 комисии за оценување на 6 активности во рамки на практична настава во 8 - ма генерација на слушатели за судии и јавни обвинители и за истите е утврден надоместок согласно Правилник за изменување и дополнување на надоместоци[11]. Врз основа на овие правилници, на членовите од комисиите за оценување во 2024 година исплатени се вкупно 353 илјади денари.

Со Законот за академија на судии и јавни обвинители за целосна реализација на почетна обука се предвидуваат комисии и за истите е утврдено право на надоместок[12]. Законодавецот и дава право на Академијата начинот на оценување по завршување на практичната настава да го уреди со посебен акт, но за лицата кои ќе учествуваат во оценувањето, не утврдил право на надоместок. Исплатата на овие надоместоци влијае на дополнителни расходи и ненаменско трошење на буџетските средства.

Препорака:

Одговорното лице да преземе мерки и активности исплатата на надоместоци на лица во комисии да биде согласно законски предвидените.

3.1.4. Согласно член 92 од Законот за административните службеници[13], административниот службеник како дел од исклучителната компонента на плата има право на додаток на плата за ноќна работа, работа во смени, работа за време на неделен одмор, работа за време на празници утврдени со закон и работа подолго од полното работно време. За работа подолго од полното работно време административниот службеник има право на онолку слободни часови, односно денови, колку што бил ангажиран за работата надвор од редовното работно време и истите има право да ги користи до крајот на наредниот месец, по месецот во кој бил ангажиран. Доколку на административниот службеник не му се обезбеди користење на слободни часови, односно денови, му се исплатува додаток на плата во износ од 35% од износот на основната плата, пресметана по час. Во 2024 година во Академијата за судии и јавни обвинители врз основа на налози донесени од директорот, извршена е исплата на додатоци на плата за работа подолга од полното работно време (прекувремена работа) во бруто износ од 737 илјади денари.

[10] број 02-376/6 од 12.09.2024 година
[11] број 02-441/5 од 07.11.2024 година
[12] Приемна комисија, Завршна комисија, Комисија за ревизија на одржани испити
[13] Закон за административните службеници (Редакциски пречистен текст: Службен весник на Република Северна Македонија бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 80/16; 127/16; 142/16; 2/17; 16/17; 11/18; 275/19; 14/20; 112/20; 215/21; 99/22; 208/24; 210/24)

Со увид во приложената документација и начинот на пресметка и исплата на плата и додатоци на плата на вработените во Академијата ги утврдивме следните состојби:

- За тројца вработени исплатени се вкупно 864 часови за прекувремена работа што претставува надминување за 294 часа од законски утврдениот максимум од 570 часа. Ваквата состојба не е во согласност со член 117 став 2 од Законот за работни односи[14] каде прекувремената работа може да трае најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работата во смени;
- за вработените кои биле ангажирани за работа подолго од полното работно време не е извршено претходно писмено известување до подрачниот државен инспектор на труд, што не е во согласност со член 117 став 6 од Законот за работни односи.
- извршени се исплати на додаток на плата за прекувремена работа за вработено лице во денови кога му е изготвено Решение за службено патување во странство и за истото му се исплатени дневници, како и за присуство на седница на Управен одбор која се одржала во текот на полното работно време.

Непочитувањето на законските одредби во однос на прекувремената работа, има за ефект неоснована исплата на буџетски средства и влијае на висината на исплатените средства по овој основ.

Препорака:
Одговорното лице на Академијата да преземе мерки и активности за:

- следење на бројот на прекувремени часови за вработените лица ангажирани во прекувремена работа како би се избегнало надминување на законскиот лимит од 190 прекувремени работни часови годишно по лице и
- писмено известување до подрачниот државен инспектор за труд за прекувремената работа на вработените.

3.1.5. Врз основа на договор по спроведена јавна набавка добиени се вредносни картички за набавка на гориво[15] во вкупен износ од 325 илјади денари, од кои дел, по усно укажување биле дадени на членови на Комисија за приемен испит

---

[14] Закон за работните односи (Редакциски пречистен текст: Службен весник на Република Северна Македонија бр. 62/05; 3/06; 3/06; 44/06; 66/06; 16/07; 57/07; 77/07; 106/08; 161/08; 63/09; 114/09; 130/09; 149/09; 10/10; 16/10; 50/10; 52/10; 58/10; 124/10; 132/10; 158/10; 47/11; 11/12; 39/12; 52/12; 13/13; 25/13; 54/13; 170/13; 187/13; 34/14; 106/14; 113/14; 145/14; 20/15; 33/15; 72/15; 74/15; 129/15; 167/15; 27/16; 134/16; 120/18; 110/19; 90/20; 267/20; 151/21; 288/21; 111/23; 93/24; 93/24;

[15] верна картички на износ од 2 илјади денари, 5 илјади денари и 10 илјади денари

и истите биле користени за точење гориво во приватни моторни возила. Во Академијата не е донесен акт со кој би се уредил начинот на нивното користење и не е воспоставена евиденција односно задолжување на лица од која ќе може да се утврди на кого и за која цел се издадени картичките за гориво.

Ваквото постапување не е во согласност со член 2 од Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија[16] каде е наведено дека буџетските корисници се обврзани да ги користат средствата наменски, како и со член 3 став 2 од Правилникот за надоместоци[17], каде е наведено дека надоместокот на патни трошоци за комисии се утврдува согласно растојанието од местото на редовно извршување на работите и работните задачи и седиштето на Академијата во висина на вистинските трошоци за јавен превоз, а доколку не постои таков, надоместокот на патни трошоци во висина на вистинските трошоци и влијае на наменското користење на буџетски средства.

Препорака:

Одговорното лице на Академијата да преземе мерки и активности за доследна примена на Упатството за користење на службените возила и набавеното гориво да се користи исклучиво за службени цели.

3.1.6. Согласно член 11 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, Управниот одбор е должен да донесе Стратешки план на Академијата во кој се дефинираат стратешките цели. Утврдивме дека од страна на Академијата не е донесен Стратешки план. Отсуството на овој стратешки документ во кој се дефинираат јасни цели и индикатори, влијае на работењето на Академијата, не дава можност за следење и оценување на успешноста на нејзиното работење и создава ризик за ефикасно користење на средствата.

Истакнуваме дека во февруари 2026 година изготвена е нацрт верзија на Стратешки план за период 2026-2030 година.

Препорака:

Одговорното лице да продолжи со активностите за изработка и усвојување на Стратешкиот план како и да воспостави механизми за редовно следење и известување за неговата реализација.

## Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на Академијата за 2024 година со ЗЈН, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за ЈН од аспект на законските барања: обезбедување на

[16] Службен весник на Република Северна Македонија број 283/23
[17] број 02-509/4 од 21.12.2023 година

конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за ЈН.

Со ревизијата беа опфатени 7 постапки за јавни набавки од спроведени 10 во 2024 година и 1 од спроведени 2 постапки во 2023 година кои имаат реализација во 2024 година или вкупно 8 постапки за јавни набавки по кои се склучени договори во вкупната вредност во износ од 5.600 илјади денари без вклучен ДДВ што опфаќа 62% од вкупната вредност на доделените договори во износ од 9.035 илјади денари. Реализацијата на склучените договори во 2024 година е во износ од 2.997 илјади денари, а реализацијата во ревидираните постапки изнесува 2.236 илјади денари односно 75% од реализацијата на доделените договори.

3.1.7. Во 2024 година спроведена е поедноставена отворена постапка за јавна набавка за кетеринг услуги и склучен е договор во износ од 525 илјади денари со ДДВ. Во тендерската документација во делот на техничка и професионалната способност за квалитетно извршување на договорот, утврден е критериум кои не е директно поврзан со предметот на набавка, односно се бара економскиот оператор „да поседува или соработува со ресторан со извршена категоризација за угостителски објект (ресторан од прва категорија со 4 ѕвезди) со минимален капацитет од 60 лица„. Ваквото постапување не е во согласност со член 89 од ЗЈН во кој е уредено дека договорниот орган, во постапката за јавна набавка ги вклучува само оние услови што се неопходни за да се увери дека економскиот оператор е способен да го изврши договорот, при што сите услови мора да се директно поврзани и сразмерни со предметот на јавната набавка, неговата сложеност и вредност.

Препорака:

Одговорното лице да преземе активности, во постапките за јавни набавки, комисијата, во тендерската документација да утврдува критериуми кои се директно поврзани и сразмерни со предметот на набавката.

3.1.8. Во текот на 2024 година без спроведена постапка за ЈН набавени се стоки и услуги за вкупен износ од 418 илјади денари со ДДВ (Прилог бр.1), што не е во согласност со членот 40 став 1 од ЗЈН во кој е уредено дека за набавка на стоки и услуги чија проценета вредност без ДДВ е еднаква или поголема од 1.000 евра во денарска противвредност, се спроведува јавна набавка. Набавката на стоки и услуги без спроведена ЈН не обезбедува почитување на начелата содржани во член 3 од ЗЈН кои се однесуваат на потребата од обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и интегритет во процесот на доделување

на ЈН како и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за ЈН.

Препорака:
Одговорното лице да преземе мерки и активности за набавките на стоки, услуги чија проценета вредност надминува 1.000 евра без ДДВ во денарска противвредност, да се спроведе постапка за јавна набавка.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Согласно Законот за судии и јавни обвинители[18] во јануари 2023 година, Академијата распишала јавен оглас за прием во почетна обука[19] за 130 слушатели. На јавниот оглас се пријавиле вкупно 527 кандидати.

Управниот одбор на Академијата, на седница одржана на ден 28.02.2023 година утврдил Програма за приемен испит во Академијата за судии и јавни обвинители за 2023 година[20]. Истата година спроведени се полагања на: тест за познавање на еден од трите најчесто користени јазици во ЕУ (англиски, француски или германски) во месец мај, психолошкиот тест во месец октомври и тестот за интегритет во месец ноември.

Согласно Законот, за спроведување на психолошкиот тест и тестот за интегритет, Академијата ангажира стручни лица од независна и соодветно акредитирана професионална институција. Со увид во документацијата утврдивме дека по донесена одлука за спроведување јавна набавка на услуга психолошки тестови со постапка со преговарање без објавување на оглас, спроведена е постапката и склучен е договор со економски оператор во вредност од 1.804 илјади денари. Сметаме за потребно да истакнеме дека за набавката на услуга за спроведување на психолошки тестови за приемен испит не се спроведени претходно две отворени постапки. Доставено е барање до Бирото за јавни набавки за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас, за што е добиено позитивно мислење. Во образложението доставено до Бирото за јавни набавки, Академијата укажува дека во 2011 година, од кога е воведен психолошкиот тест, спроведено е истражување на пазарот и утврдено е дека само еден економски оператор ги исполнувал потребните услови. Во спроведената набавка во 2023 година не е побаран и доставен доказ за исполнување на законски утврдениот услов економскиот оператор да е акредитирана професионална институција. Од 2011 година во континуитет постапката за услуга за психолошки тест се спроведува преку постапка со преговарање без објавување на оглас, и се реализира со истиот економски оператор кај кој се наоѓаат и тестовите кои се сопственост на

[18] членовите 57, 58, 59 и 60 Службен весник на Република Македонија бр. 20/15, 192/15, 231/15 и 163/18
[19] Службен весник на Република Северна Македонија број 19/2023 од 30.01.2023 година
[20] број 02-130/7 од 28.02.2023 година.

Академијата. Иако одлуката гласи за услуга психолошки тест, во поканата за преговори се наведуваат два типа на услуги, психолошки тест и тест за интегритет. Напоменуваме дека овие тестови се елиминаторни во процесот на прием на кандидати за слушатели во почетна обука во Академијата.

По полагањето на тестот за интегритет, требало да следува полагање на квалификациски тест кој согласно Законот за Академијата за судии и јавни обвинители се спроведува со електронско полагање, но договорот за групна јавна набавка на услуги за одржување на софтвер за полагање на испити во државни институции бил истечен. Надлежност за спроведување на групна јавна набавка на услуги за одржување на систем за електронско тестирање била доделена на Министерството за информатичко општество и администрација, но истата не била предвидена во годишниот план за јавни набавки на Министерството за 2024 година. Од овие причини, Управниот одбор на Академијата во декември 2023 година се обратил до Генералниот секретаријат на Владата со барање за изнаоѓање на итно решение во однос на продолжување на приемниот испит за деветтата генерација на слушатели во почетна обука. Владата донела **заклучок** со кој ги задолжила сите институции кои имаат потреба за одржување на електронски испит, истиот да го спроведат во хартиена форма со електронски читач без човечки фактор, а Академијата била задолжена читачот и образецот да го даде на располагање на сите институции на кои им е потребен без надоместок, заедно со лицата коишто се обучени да ракуваат со него. По оценка на Управниот одбор, дека без законски основ не може да се спроведе испитот по писмен пат, Академијата во јануари 2024 година се обратила со допис до Министерството за правда со предлог измена на законот за Академија, со кои ќе се даде основ за полагање на квалификацискиот тест по писмен пат, а резултатите ќе се добијат по пат на електронски читач.

Во март 2024 година донесени се измени на Законот за Академија за судии и јавни обвинители[21] и по нивно стапување во сила, донесена е Статутарна одлука за дополнување на Статутот[22] на Академијата и Правилник за дополнување на Правилникот за полагање на приемен испит во Академијата, со кои е извршено усогласување на овие подзаконски акти со новите измени на Законот.

Во април 2024 година спроведено е полагање на квалификацискиот тест по писмен пат. Сметаме за потребно да истакнеме дека начинот на кој е спроведен испитот не обезбедува сигурност и веродостојност на резултатите, од причина што, шифрарниците како обрасци не обезбедуваат заштита (не се сериски нумерирани) и резултатите не се објавуваат веднаш односно одговорите не се читаат пред кандидатот веднаш по полагањето.

[21] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 53/24
[22] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 62/24

Добиена е Одлука од ДКСК[23] за ставање на мирување на постапката за прием на 130 слушатели до завршување на Претседателските избори, која е потврдена од страна на Управниот суд и Вишиот Управен суд. Согласно судската одлука, Управниот одбор на Академијата одлучил да се продолжи со следната фаза од приемниот испит (писмениот испит) по завршување на изборниот процес. По завршување на парламентарните и претседателските избори, до Академијата на ден 05.07.2024 година пристигнал циркуларен допис од Владата, со кој се задолжуваат работодавците од јавниот сектор и трговските друштва во државна сопственост да ги запрат постапките за вработување и унапредување кои не завршиле до 31.12.2023 година, а се објавени врз основа на издадените позитивни согласности од Министерството за финансии за обезбедени средства во 2023 како тековна фискална година, а продолжени во 2024 година врз основа на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

Претходно, финансиската согласност била обновена за 2024 година, со писмо - известување од Судскиот буџетски совет[24], во кое била содржана информацијата дека, согласно член 20, став 10 од Законот за извршување на Буџетот за 2024 година[25]:„Тековни постапки за пополнување на работните места кои не се пополнети до 31 декември 2023 година, ќе се спроведат во 2024 година, согласно Известувањето издадено од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства во 2023 година.“ Со измена на Законот за извршување на Буџетот[26] за 2024 година, ставот 10 е избришан.

Во понатамошниот период, Академијата се обраќала до Владата, Министерството за финансии и Министерството за правда барајќи појаснувања за прием на слушатели за 9тата генерација, но не добила конкретен одговор.

На ден 25.12.2025 година Управниот одбор донел Одлука[27] дека јавниот оглас за прием на слушатели во почетна обука во Академијата се поништува.

4.2. Во член 11 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, е уредено дека Управниот одбор утврдува листа на ментори, по претходно доставени предлози од страна на Судски совет на Република Северна Македонија и Советот на јавни обвинители. Со увид во записниците од седници на Управен одбор, утврдивме дека истиот ги усвојува доставените предлог листи за ментори. Во Законот не е уредено воспоставување на регистар/ажурирана листа на ментори и Академијата со интерен акт нема регулирано дали, кога и како ќе врши ажурирање на листите за ментори, што е особено важно пред

[23] број 12-1330/15 од 11.04.2024 година
[24] бр. 03-1505/1, од 29.12.2023 година
[25] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 283/2023
[26] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 69/2024
[27] 02-428/4 од 25.12.2025 година

почеток на нова генерација слушатели. При тоа не е уреден и начинот на избор за тоа кој ќе биде ментор на слушатели на обука за одредена генерација, односно Академијата има дискреционо право за назначување на ментори од претходно доставените и усвоени листи на ментори. Ваквата состојба создава ризик дел од лицата од усвоените листи на ментори воопшто да не бидат ангажирани како и номинирање на ментор на лице кое од одредени причини не може или не ги исполнува условите. За спроведување на практична настава во 2024 година ангажирани се вкупно 293 ментори[28] на кои за вршење на менторска работа во периодот од јануари заклучно со октомври врз основа на изготвен менторски дневник, кој преку координатор е доставен до Академијата исплатени им се вкупно 5.654 илјади денари.

## 5. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е планирана и извршена во периодот од 06.10.2025 до 04.02.2026 година, кај Академија за судии и јавни обвинители, сметка на основен буџет (603) од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничување во опфатот на ревизијата.

## 7. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на:

- Проф.Д-р Наташа Габер Дамјановска директор од 30.12.2018 година до 12.07.2024 година
- Илир Исени заменик директор во 2024 година и во период од 13.07.2024 година до 14.10.2024 години врши функција на директор
- м-р Ирина Трајкоска Стрезоски, директор од 14.10.2024 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на

[28] 111 лица од нив вршат и улога на координатор

субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија. и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Академијата за судии и јавни обвинители, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени

утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 9. Недостатоци во внатрешната контрола

9.1. При оценка на системот на внатрешни контроли, со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор утврдивме дека:

- Донесена е Процедура за безготовинско плаќање на стоки, услуги и работи во која се наведени активностите/чекорите во процесот, но не се донесени интерни процедури со кои би се регулирал и начинот на пресметка и исплата на патни и дневни трошоци за службени патувања во странство, користењето на службени возила како и начинот на користење и располагање со средствата од денарска и девизна благајна, што не е во согласност со член 7 став 1 алинеја 6 и член 16 став 1 алинеја 6 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола[29], каде е уредено дека раководителот на субјектот е одговорен за воспоставување организациска структура и процедури за работа, со кои ќе се обезбеди функционирање, следење и развој на стабилно финансиско управување и контрола, како и процедури за целосно, точно, прецизно и ажурно сметководство на сите трансакции. Во отсуство на пишани процедури

[29] Од декември 2024 нов Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор

утврдени се состојби во начинот на користење на службени картици за гориво наведени во точките 3.1.5. од овој извештај.

Во текот на вршење на ревизијата донесени се: Процедура за готовинско плаќање – денарска благајна, Процедура за готовинско плаќање - девизна благајна[30] во која е утврден начинот на исплата на патни и дневни трошоци за службени патувања во странство и Упатство за користење на службените возила на Академијата[31] со кое се утврдуваат условите и начинот на користење на службените возила, одржувањето, евиденцијата, надоместување на трошоци за патарина, полнење на гориво и одговорноста за службените возила.

- Во постојната Процедура за безготовинско плаќање на стоки, услуги и работи опфатени се чекорите во процесот, но не е направена распределба на должностите и одговорностите за инволвираните лица вклучени во системот за следење и контрола на сметководствената документација, што подразбира прием на фактури и архивирање, книга на влезни фактури, книга на излезни фактури, барање за плаќање со кое се потврдува основот за исплата, комплетирање на сметководствената документација, контрола, подготовка на документација за плаќање и нејзино одобрување, што не е во согласност со член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола[32] и стандард 12 за внатрешна контрола во јавниот сектор. Евидентираните документи не се контролирани/ликвидирани, нема потврда на веродостојноста, комплетноста и точноста на истите, односно не е воспоставена ex-ante и ex-post контрола, која треба да обезбеди финансиските трансакции, расходи или приходи да бидат проверени, пред и откако трансакцијата е целосно завршена со цел намалување на ризикот од несакани последици и подобрување на процедурите. Во Процедурата предвидено е само дека проверка на фактура врши директор – раководител на сектор на финансиски прашања и дека ќе се врши проверка и контрола на фактури поврзани со јавна набавка. Во тендерските документации предвидено е дека Академијата ќе врши контрола дали извршувањето на договорот за ЈН е во согласност со условите од договорот, но по склучување на договорот, не се определува лице кое ќе биде одговорно за следење на реализација на конкретен договор за ЈН, што создава ризик договорите да не се реализираат согласно договореното.

[30] од 20.01.2026 година

[31] Број 03-18/1 од 02.01.2026 година.

[32] Службен весник на Република Македонија“ бр.90/09, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.46/10 од 12 јануари 2011 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/11, 188/13 и 192/15 и член 10 од Законот за системот на внатрешна финансиска контрола на јавниот сектор Службен весник на Република Северна Македонија 255/24 од 17.12.2024

Во текот на ревизијата, донесена е Одлука[33] за назначување на лица кои ќе вршат ex ante и ex post контроли и извршено е дополнување на Процедурата со што се предвидува распределба на должности и воспоставување на ex-ante и ex-post контроли. Одговорното лице со акт именува лице за следење на реализација на одделен договор за ЈН.

Отсуството на внатрешни контроли создава ризик финансиските трансакции да не се извршени согласно законските прописи и да не се темелат на соодветна сметководствена документација за обезбедување на целосни, вистинити и веродостојни информации.

Препорака:
Одговорното лице да преземе мерки и активности за доследно применување на донесените процедури за работа.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Академија за судии и јавни обвинители одржан на 04.02.2026 година, за кои дадоа свои коментари и објаснувања.

Од страна на претходното одговорно лице на Академијата за судии и јавни обвинители добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор кои се однесуваат на точките 3.1.1., 3.1.2., 3.1.3., 3.1.4., 3.1.5., 3.1.7. и 3.1.8. Забелешките се разгледани и утврдено е дека истите претставуваат известувања за причините кои довеле до утврдените состојби.
Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

[33] Одлука за назначување на лица за ex ante и ex post финансиска контрола број 02-410/1 од 24.11.2025 година.

Академија за судии и јавни обвинители
Сметка на основен буџет (603)
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2024 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 122.852 | 134.930 |
| **Вкупно приходи** | | **122.852** | **134.930** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1 | 98.830 | 102.889 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 23.462 | 30.934 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 560 | 107 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **122.852** | **133.930** |
| **Вкупно расходи** | | **122.852** | **134.930** |

Академија за судии и јавни обвинители
Сметка на основен буџет (603)
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 156 | 143 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 8.891 | 8.653 |
| Залихи | 4.1.3. | 56 | 64 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9.103** | **8.860** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 54.780 | 54.959 |
| **Вкупно постојани средства** | | **54.780** | **54.959** |
| **Вкупна актива** | | **63.883** | **63.819** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 73 | 93 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 192 | 869 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 20 | 96 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 8.541 | 7.560 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 221 | 178 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **9.047** | **8.796** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 54.836 | 55.023 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **54.836** | **55.023** |
| **Вкупна пасива** | | **63.883** | **63.819** |

Академија за судии и јавни обвинители
Сметка на основен буџет (603)

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2024 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2024 година | 54.959 | 64 | 55.023 |
| Зголемување по основ на: | 6.024 | - | 6.024 |
| Ревалоризација | 6.024 | - | - |
| Намалување по основ на: | 6.203 | 8 | 6.211 |
| Амортизација | 6.203 | 8 | 6.211 |
| Состојба 31.12.2024 година | 54.780 | 56 | 54.836 |

ДО

Државен завод за ревизија
Ул. Павел Шатев бр.2
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: 22.04.2026
Орг. Един.: | Број: 14-585 | Прилог: 5 | Вредност:

Предмет: Доставување на забелешки за Нацрт-извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија за усогласеност за 2024 година на Академија за судии и јавни обвинители по однос на Сметка на основен буџет (603) од март 2026 година

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви ги приложувам моите забелешки и појаснувања за точките наведени под 3.1 по однос на активностите, финансиските трансакции и информации, кои се рефлектирани во финансиските извештаи на Академијата за судии и јавни обвинители за 2024 година, на сметката на основен буџет (603), за периодот до 12.07.2024 година, во кој бев одговорно лице во оваа институција.

Ви благодарам за комуникацијата и соработката.

Со почит,

Проф. Д-р Наташа Габер Дамјановска

**Забелешки и појаснувања по однос на констатираните состојби од страна на Државниот завод за ревизија за сметката на основен буџет (603) за 2024 година на Академијата за судии и јавни обвинители "Павел Шатев" Скопје**

Општи коментари:

Академијата функционира како институција чиј буџет се планира и реализира преку Судско-буџетскиот совет, што значи дека не комуницира директно со Министерството за финансии, туку преку воспоставениот систем на буџетско планирање и контрола (втора буџетска линија).

Во континуитет, Академијата функционираше со ограничен број на човечки ресурси, наспроти исклучително високиот обем и динамика на активности, факт што беше констатиран и во извештаите на Европската комисија, со дадени препораки за нејзино кадровско и просторно зајакнување.

Во периодот до 12.07.2024 година паралелно се реализираа:

- подготовка и усогласување на подзаконски акти според новиот Закон за АСЈО;
- почетна обука за VIII генерација (97 слушатели);
- активности за прием на 130 слушатели почетна обука за IX генерација (над 500 пријавени кандидати) кои во мај, 2024 година беа прекинати;
- континуирана обука;
- меѓународни и регионални активности (подготовки и организирање на регионалниот натпревар на слушатели од академиите од држави од регионот за праксата на Европскиот суд за човекови права; динамична меѓународна соработка и едукативни активности со партнери од ЕУ, Совет на Европа и бројни други домашни и меѓународни организации).
- Имплементација на нов закон за АСЈО од јули 2023 година и носење на подзаконски акти и програми согласно истиот.

Оваа комплексност неминовно влијаеше врз организацијата на работата и динамиката на исплатите, кои беа насочени кон обезбедување континуитет и квалитет на едукативниот процес.

Академијата е динамична во своите исплати, со цел инволвираните пратеставници на правосудството да бидат задоволни, бидејќи во спротивно би било многу тешко да се задржи нивната мотивација и сите предвидени дејствија во едукативниот процес да бидат извршени. Седмата и Осмата генерација на слушатели беа најбројните во историјата на Академијата, па според тоа мораа да се ангажираат сите расположливи капацитети во правосудството за да може нивната едукација да се заокружи според планираното. Вкупниот број на завршени млади судии и обвинители од обете генерации изнесува 155 кандидати за судии/јавни обвинители, бројка што не е

воопшто занемарлива со оглед на критичната потреба од прием на нови млади кадри во правосудството.

Мислењата кои ги изложувам во овој допис, со оглед на тоа дека односниот период се однесува на првата половина на 2024 година, период пред две години, како и моите забелешки, ги наведувам според помнењето кое го имам за тие процеси и кое можеби не секогаш е детално.

3.1.1 *Исплатите на надоместоци на членовите на Управниот одбор и на Програмскиот совет се вршат месечно и во целост а не пропорционално од присуство на седница за месеци кога е одржана седница*

Во реалноста, по однос на членовите на Управниот одбор немаше проблем со редовноста и како резултат на тоа со исплатата, со исклучок на само еден член. Член 12 став 8 од Законот за АСЈО гласи: "Во случај кога член на Управниот одбор е спречен да присуствува на закажана седница на Управниот одбор е должен благовремено да ја извести Академијата, а на седницата се поканува да присуствува неговиот заменик член, на кој му се доставуваат дневниот ред и материјалите за седницата." Конкретниот член до последниот момент пред започнувањето на седницата не ја информираше Академијата дека нема да присуствува, ниту пак го повикуваше и информираше неговиот заменик-член да го замени. Информацијата за неприсуството Управниот одбор ја добиваше непосредно пред почетокот на седницата.

По однос на исплатите на надомстоци на Програмскиот совет, треба да се истакне дека работењето на ова тело е од суштинска и круцијална важност за едукативната дејност на Академијата. Членовите на овој совет се хетерогени по својата правна специјализација и нивната работа често е самостојна во однос на другите членови, особено кога работат верификација на базата на испитни прашања и студии на случај во пооделни области (кривично, граѓанско, управно или пак меѓународно право) според член 20 алинеја 12 од Законот за АСЈО. Со оглед на тоа што се правеа интензивни подготовки за освежување на базата на испитни прашања и студии на случај (адаптација на квалификацискиот дел од приемниот испит од 5 на 3 одговори во согласност со актуелниот Закон; за почетната обука завршен испит за осмата генерација; студии на случај по граѓанско и кривично право за приемниот испит; и за оценување на практичната настава во почетна обука) како и нивна верификација од овие стручни лица по области, и покрај неодржувањето на заеднички седници, тие реално имаа полни раце работа. Верификацијата се одвиваше директно во електронската база, со обврзно присуство и бележење на бројот на остварени корекции и верификации со по еден од вработените во Академијата. Мора да се истакне дека (со оглед и на дотогашното искуство во АСЈО) таквото индивидуално работење беше поупатно, за да се избегне потенцијалното ширење на информации за содржината на испитната база. За

овој труд, членовите на Програмскиот совет добиваа надоместок кој законски им следува.

3.1.2. *Законски утврдениот рок за завршување на втората фаза од почедтната обука за 8-мата генерација на слушатели е надминат за 3 месеци, што довело до исплата на дополнителни финансиски средства за ментори и координатори*

Рокот за траењето на почетната обука всушност не е пробиен. Времетраењето е условено од реална имплементација на програмата. Почетната обука трае две години и самата програма и придружните активности за тој период се прикажани по модули (односно девет месеци теоретска обука по правни области и петнаесет месеци практична настава), но во тој приказ не се вкалкулирани судиската ферија и националните и верските празници. Академијата целеше пред се да има квалитетна настава и да се помине целата предвидена програма од две години реално спроведена едукација. Од компаративни искуства, ова е проблем и во други академии во регионот.

3.1.2.*Исплатени се средства за координатори чиј статус, права и обврски не се утврдени со Законот за АСЈО*

Координаторите се определуваат од листата на ментори. Станува збор за проширена менторска функција поради обемот на работа. Значи, тие се повторно ментори, но имаат дополнителна обврска од редовната менторска работа, да го следат движењето на слушателите низ практичниот дел на наставата при нивната работа со ментори по области и по недели, што исто така може да се подведе под посебна менторска активност. Координаторот истовремено е одговорен за прибирање на сите извештаи кои се подготвувани за сите активности од сите други ментори кои работеле со кандидатот. Постоеше голема потреба од ваквата организација на работата, со оглед на бројната генерација која беше распределена насекаде низ Републиката, како и ограниченоста на кадарот во Академијата кој имаше големи тешкотии доследно да го следи и спроведе текот на наставата. Од таа причина, со цел да се поедностави и поефикасно да се извршува комуникацијата и размената на менторски дневници за секој кандидат се определи ментор – координатор, кој беше одговорен за доследно спроведување на практичната програма и редовност и дисциплина на кандидатот низ 15-те месеци практична настава.

Член 27 став 6 од Законот наведува: "Поблиските услови за времетраењето на менторството, начинот на водење на менторскиот дневник, следењето на слушателите за начинот на остварувањето на нивните работни обврски, евалуација на менторскиот процес и на менторите, како и надоместоците на менторите согласно со ставот (4) на овој член се уредуваат со акт на Академијата."

3.1.3. *Дел од договорите со менторите за изведување на практична настава се склучени по изминување на периодот на менторство.*

Договорите се доставуваа по извршената задача, од причина што во текот на наставата се јавуваше и потреба од измени, ротации поради отсуство на ментор и слично. По приемот на менторски дневник од координаторот, како доказ дека е реализирана наставата, беа изготвувани договорите и доставени за потпис. По однос на договарање на правата и обврските и квалитетно реализирање на практичната настава, пред да бидат ангажирани менторите на сите им беа доставувани распоред и програма за кандидатот како и Правилник и програма за практична настава. Факт е дека исплата е остварена за реално направени дејствија.

3.1.3. *На членови на комисии за оценување на практична настава исплатени им се надоместоци, иако правото и исплатата на надоместоци за оценување на практична настава не е утврдена во Законот за АСЈО*

При компарација на системот за оценување на практичниот дел од наставата на генерациите што претходеа на Осмата генерација, воочен е субјективизам во оценувањето на слушателите од страна на нивните ментори. Имено, буквално сите слушатели добиваа ист максимален број на бодови (петнаесет), факт што реално не го одразуваше нивното стекнато знаење. Од таа причина, за да се надмине оваа ситуација и да биде оценувањето реално, се воведе оценување на практичната настава во почетна обука, преку мерливи критериуми од страна на тимовите односно комисиите за оценување на практичната настава. Членовите на комисиите не смееа да бидат ментори на таа генерација на кандидати и беа избирани судии/јо од сите апелациони подрачја и инстанци. Ова претставува важен чекор кон понатамошното подигнување на квалитетот и објективноста при оценувањето на почетната обука.

3.1.4. *Надминување на законско утврдениот максимум за прекувремена работа и не е извршено претходно писмено известување до подрачниот инспектор за труд за воведување прекувремено ангажирање на вработените*

Ангажирањето на вработените надвор од редовното работно време е резултат на објективни околности, односно ограничен број на вработени и зголемен обем на активности, во конкретниот период се работи за временско преклопување на активности од две генерации (приемна IX генерација и спроведување на основна обука за VIII генерација), што наметна потреба од зголемен ангажман на расположливите кадровски ресурси вклучени во почетна обука, со цел непречено функционирање на процесите од јавен интерес. Ова особено бидејќи просторните капацитети на АСЈО беа несоодветни за голема генерација на почетна обука, за време на теоретската настава, континуираната обука беше целосно дислоцирана и се одржуваше по судовите, а почетната

обука се одвиваше во две смени, во двете ламели слушателите беа поделени во 4 групи.

Како и што е констатирано подолу во Извештајот, во јануари 2023 година на огласот за прием на 130 слушатели за прием приемна IX генерација, се јавија 527 кандидати, за кои беа спроведни голем број на активности во рамки на работата на Комисијата за приемен испит. Исто така отежителна околност беше и тоа што дополнително беше донесен нов Закон, во текот на јули 2023 година, со законска обврска за краток временски период да се донесат подзаконски акти, што беше исклучително тешко имајќи предвид дека веќе во АСЈО се одвиваше почетна обука за 97 слушатели. Со оглед на тоа што спроведувањето на сите фази, делови од приемниот испит: полагање на тест за странски јазик, психолошки тест, тест за интегритет и квалификациски тест беше условено од донесување на подзаконски акти согласно новиот Закон итно да се донесе Статут и Правилник за приемен испит, и се пристапи кон спроведување на фазите од испитот, а паралелно и се носеа останатите подзаконски акти и програми за почетна обука и се спроведуваше почетна обука за слушателите на VIII генерација. Заради следење на законските рокови за спроведување на фазите од Приемниот испит, како и кратките рокови за одлучување на Комисијата по приговорите по испитите, вработените кои работеа со Комисијата беа прекувремено ангажирани дури и во неработни денови, а и не можеа да ги користат годишните одмори, ниту да им биде заменета прекувремената работа со слободни денови (но се разбира не под присила, туку од објективни околности).

Во однос на неизвршеното писмено известување до надлежниот инспекторат, укажувам дека станува збор за пропуст од формален карактер, без намера за избегнување на законските обврски. Во насока на целосно усогласување, искрено се надевам дека по Вашите препораки новото раководство на Академијата веќе презема мерки за воспоставување на постапка за навремено известување и контрола на прекувремената работа.

3.1.4 *Исплатени се средства за прекувремена работа на вработено лице во денови за кои му се исплатени и дневници за службен пат во странство и за присуство на седница која се одржала во текот на полното работно време.*

Би сакала да укажам дека исплатите се однесуваат на реално извршени работни активности, при што поради динамиката на работните процеси, кои подетално ги објаснив во погорната точка, дел од административните постапки (евиденција и одобрување) се вршеа на крајот на месецот пред пресметка на платата, па во таа насока, постои можност за временско несовпаѓање во евиденцијата, односно формално преклопување на датумии поради техничка/евиденциска недоследност која се одразила на фактичката распределба на работните часови.

Воедно сакам да истакнам дека не секогаш се исплаќаше прекувремена работа, особено кога слушателите посетуваа настава во смени, вработените остануваа попладне по работно време да извршуваат работни задачи со цел да има надзор и дисциплина односно уредно присуство на сите часови без

одолговлекување на паузите, без при тоа да евидентираат прекувремена работа.

Дополнително, укажувам дека учеството на седници на Управниот одбор претставува посебен ангажман, кој по својата природа не секогаш се вклопува во редовното работно време, односно во неколку наврати седниците иако беа закажани во работно време траеа подолго од работното време, особено кога се работеше по жалби на решенијата на Комисиите за приемен и завршен испит, или подоготовка и донесување на подзаконски акти.

*3.1.5 Не е воспоставена еввиденција односно задолжување на лица од која ќе може да се утврди на кого и за која целсе издаваат картички за гориво.*

Користењето на картичките за гориво се одвивало во функција на службени активности (учество во комисии), при што станува збор за пракса која е воспоставена и наследена во работењето на институцијата.

3.1.7 *Во тендерска документација утврден е критериум кој не е директно поврзан со предметот на набавка а треба да го исполни економскиот оператор*

Поставениот критериум има функционална оправданост, со оглед на обврските на Академијата во рамки на меѓународната соработка и организација на настани, каде е потребна интегрирана услуга (вклучително и угостителски капацитет), со цел ефикасност и избегнување на дополнителни постапки.

3.1.8 *Набавени се стоки и услуги без спроведена постапка за јавна набавка*

Имајќи го предвид временското растојание, не можам со сигурност да се сетам и изјаснам за конкретните случаи, но сметам дека доколку се реализирани во горенаведениот период која јас сум била одговорно лице, истите биле резултат на итност и неопходност за непречено функционирање на Академијата, во услови на зголемен обем на активности и ограничени временски рокови.

Би сакала да истакнам дека констатираните пропусти не се резултат на намера за заобиколување на законските одредби, туку произлегуваат од објективни околности и исклучително интензивен обем на работа во периодот од декември 2018 до јуни 2024 година, при што по преземањето на функцијата беше затекната Шестата генерација, беше спроведен завршен испит за 37 слушатели, прием и целосна реализација на Седмата генерација (60 слушатели), прием и спроведување на теоретска и практична обука за Осмата генерација (97 слушатели), како и започнат приемен процес за Деветтата генерација (130 слушатели), кој беше прекинат поради изборниот процес, паралелно со континуирана едукација и интензивна меѓународна соработка. Имено во рамки на јавните огласи за прием на седмата, осмата и деветтата

генерација беа пријавени над 1600 кандидати за кои беше вложен огромен труд и напор со мал број на човечки ресурси да се спроведе целокупниот процес на селекција и прием на слушатели, почнувајќи од административната селекција на документите на кандидатите, па се до организација на сите делови од испитниот процес, а при тоа да се запазат сите законски рокови и процедури. Впрочем, приемот и обуката на нови генерации идни судии и јавни обвинители е суштината на постоењето на оваа институција.

Прилог 3

Одговор
на забелешки на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

Добиени се забелешки по Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност број 14-585/1 од 25.03.2026 година од Проф. Д-р Наташа Габер Дамјановска, одговорно лице на Академија за судии и јавни обвинители за периодот до 12.07.2024 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 14-585/5 од 22.04.2026 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Забелешки на Нацрт извештајот

1. Забелешките на **точката 3.1.1.**, која се однесува на исплати на надоместоци на членовите на Управниот одбор и на Програмскиот совет дека истите се вршат месечно и во целост, а не пропорционално од присуство на седница за месеци кога е одржана седница претставува **известување** за причините кои довеле до утврдената состојба кои ревизијата ги имаше предвид при вршење на ревизијата. Не се доставени дополнителни докази како би се сменила утврдената состојба.

2. Забелешката на **точката 3.1.2.** која се однесува на надминување на рокот за завршување на втората фаза од почетната обука за 8-мата генерација на слушатели, што довело до исплата на дополнителни финансиски средства за ментори и координатори, исплата на координатори чии статус, права и обврски не се утврдени со ЗАСЈО како и дека дел од договорите со менторите за изведување на практична настава се склучени по изминување на периодот на менторство претставува **известување** за причините кои довеле до утврдените состојби и потврдување на истите.

3. Забелешката на **точката 3.1.3.** која се однесува на исплата на надоместоци на членови на комисии за оценување на практична настава иако правото и исплатата на овие надоместоци не е утврдена во законот за АСЈО претставува **известување** за причините кои довеле до утврдената состојба кои ревизијата ги имаше предвид при вршење на ревизијата.

4. Забелешката на **точката 3.1.4**. која се однесува на надминување на законско утврдениот максимум за прекувремената работа како и не извршено

претходно писмено известување до подрачниот инспектор за труд за прекувременото ангажирање на вработените, како и за исплатени средства за прекувремена работа на вработено лице во денови за кои му се исплатени и дневници за службен пат во странство и за присуство на седница која се одржала во текот на полното работно време претставува **известување** за причините поради кои имало потреба од дополнително ангажирање на вработените и потврдување на утврдената состојба, а притоа не се доставени дополнителни докази како би се променила утврдената состојба и дадената препорака.

5. Забелешката на **точката 3.1.5.** која се однесува на невоспоставена евиденција односно задолжување на лица од која може да се утврди на кого и за која цел се издаваат картички за гориво во АСЈО претставува **известување** со која се потврдува утврдената состојба. Од страна на одговорното лице дадено е образложение дека користењето на картичките за гориво се одвивало во функција на службени активности, пракса која била воспоставена и наследена во работењето на институцијата што ревизијата го имаше во предвид при вршење на ревизијата.

6. Забелешката на **точката 3.1.7.** која се однесува на спроведена јавна набавка за кетеринг услуги во која со тендерската документација е утврден критериум кој не е директно поврзан со предметот на набавката, а треба да го исполни економскиот оператор претставува **известување** за причините за утврдената состојба и нејзино потврдување.

7. Забелешката на **точката 3.1.8.** која се однесува на набавени стоки и услуги без спроведување на постапка за јавна набавка претставува **известување** за причините поради кои се спроведени дел од овие набавки, кои ревизијата ги имаше предвид при вршење на ревизијата.